Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.12.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6559 | 1 | |


**ИЗВЕШТАЈ**
**од редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 21 ноември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, од 21 ноември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четири часовната програма емитувана на 21 ноември 2014 година, овој програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на податоците за продукцијата на поединечните програмски целини/емисии или новинарски прилози, законските барања се исполнуваат кај емисиите Вести и кај информативната програма „Патот кон", во другите програмски целини не се дадени константно и стандардизирано податоците за авторите, коавторите и другите неопходни податоци утврдени во член 12 од Законот за медиуми;

- Информативните и документарните програми од Дојче Веле се пренесуваат без податоци за обработката на албански јазик.

- Играните програми се емитуваат со податоците за македонската актерска и техничка екипа што ги прилагодува и ги нахсинхронизира аудиовизуелните материјали, но недостигаат податоците што треба да ги содржи оригиналната најавна/одјавна шпица.

***Предлог мерка:***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како и со тоа кои сѐ други информации за поединечните содржини (емисии или новинарски прилози) треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*26.12.2014 година*